нарио.

вија во границите на некогашниот

КУЛТУРА

# На комшијата козата
## (Или повторно - смрт за Венеција!)

Златко ТЕОДОСИЕВСКИ

***Ако не е ЧК, пардон - ЦК, ќе биде некој друг орган; ако не е ССРНМ ќе биде ОПРСТ, ако не е ССМ ќе биде МСУ. Нашите лични слабости, непрофесионалност, амбиции на ура, себедоволни култ-ови... култ-ови на баби, тетки, стрини... на домашни кујни и „повредени суети"... ќе му ги оставаат на светот во сеќавање само Блаце, Јажинце, Стенковец. Како да немаме што друго да им покажеме!?***

Се случи Венеција во 1993 година. И во 1997. Не се случи во 1995., и, разбирливо - во оваа 1999 година!

Околу сите венеции се случуваа многу работи. Типично наши, не балкански, туку македонски. Се срамевме сите по малку, овојпат - се изрезиливме!

Првпат за оваа Венеција се случи конкурс, првпат се случи комисија... првпат некаков демократски избор, со тајно гласање... и - по којзнае којпат - на комшијата козата!

Во македонската ликовна уметност во изминативе децении немало којзнае каква демократичност. Но, имало: директиви, кујни, мешетарења, интриги... Ако не е ЧК, пардон - ЦК, ќе биде некој друг орган; ако не е ССРНМ ќе биде ОПРСТ, ако не е ССМ ќе биде МСУ.

И, на првиот демократски чекор - повторно исто! Балканско-македонски крчми од секаков вид: роднински (мајка/ќерка/ зет/снаа/брат...), пријателско-прислужнички (јас тебе/ти мене, јас во одбор/жена ми во оној), интересни (дај-дам), интернационални (Агнес преку Петко, Земан преку Станко, Жан Клер преку Стојко...). Луѓе со многу лица и уште повеќе маски. Едноставно - непрепознатливи: денес вакви, утре онакви, задутре којзнае какви? Кој може да им ги прочита сите трансформации!?

А во сопствената кусогледост сите мислат дека се „големи играчи". Но, на крајот - само губитници. Сепак, празното ехо во нивните глави се трансформира во сосема конкретен звук - надвор! Бидејќи, всушност, тие не можат да го загубат тоа што го немаат. Но, по правило, играат на туѓа сметка заштo, во секој поглед, најголеми губитници се: државата и уметниците!

Првата, државата, поради фактот што не може да се откачи од тоа таа да решава за сè што се случува во културата и, особено, во уметноста, па со самото тоа автоматски да се самопрогласи за најголем виновник: за нереализирани проекти, откажани изложби, лоши филмови и претстави...! Да запаѓа во нечии и некакви заложнички игри, нереализирани суети, непреболени амбиции... Да залегнува помеѓу чеканот и наковалното, да решава туѓи „конфликти", да биде Играч со „пет даски"!? На тој начин идејата за демократија во културата најбргу се преведува во култ-урна декаденција.

Вторите, уметниците, поради редица петдецениски навики, но особено поради фактот што не го доразвија самочувството дека, практично, без нив нема ни Култура, ни Уметност, ни институции! Поради фактот што од објект не прераснаа во субјект во македонската култура, туку и тие мислеа дека на ура се добива сè!

Во македонската култура, особено во македонската ликовна уметност, во изминативе децении имало и дворски сликари но и - дворски шутови! Но, некако, обете категории поминуваа релативно добро. Губеа, и губат, само - уметниците.

Како сè уште да живеат во убедувањето дека некој е должен да се грижи за нив, како за - предмети!? Како да не разбираат дека култ-урната борба меѓу нив е, всушност, некултура и нелојална конкуренција во којашто, на крајот, цехот ќе го платат самите тие?

Се разбира, да беше, и да е, во прашање само Венеција, секој може да рече - нејсе! Зошто, пак, Македонија мора да биде таму? Па што ако целиот свет од областа на уметноста биде таму?

Но, ниту е така, ниту пак е во прашање само - Венеција!

Премногу долго нè нема и нема да нè има и на многу други венеции: во театарот, музиката, литературата, филмот...

Нашите лични слабости, непрофесионалност, амбиции на ура, себедоволни култ-ови... култ-ови на баби, тетки, стрини... на домашни кујни и „повредени суети"... ќе му ги оставаат на светот во сеќавање само Блаце, Јажинце, Стенковец. Како да немаме што друго да им покажеме!?

**(Авторот е историчар на уметноста)**

17.4.1998 Dnevnik